

**РАЗГОВОР**

– Врз што влијае климата?
– Какви климатско-вегетациски типови постојат?



*Џунгла*

**ПРАШАЊА**

– Кои фактори влијаат врз формирањето на климатско -вегетациските области?
– Какви климатско-вегетациски типови се издвојуваат во Азија?
– Каде се среќаваат тропски шуми/џунгли?
– Каде има савани во Азија?
– Каде е застапена планинска вегетација?
– За кои територии во Азија се карактеристични пустинската и полупустинската вегетација?
– Кои територии во Азија се под степи?
– Каде се најзастапени листопадните шуми?
– Каде се простираат ареалите на зимзелени шуми во Азија, познати под името тајга?

# КЛИМА И ВЕГЕТАЦИЈА

## КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ

Различните релјефни и климатски одлики на територијата на Азија, големото појасно простирање, излезот на повеќе океани и мориња, големата оддалеченост на внатрешноста на континентот од морињата и други фактори условиле развој на **повеќе климатско-вегетациски области**.

Глобално се издвојуваат териториите под **тропски дождовни шуми, савани, пустинска и полупустинска вегетација, тревна вегетација, листопадни шуми, медитеранска вегетација, зимзелени шуми, планинска вегетација и тундра.**

**Тропски дождовни шуми** се застапени во областите на Јужна и на Југоисточна Азија и во појужните делови на Источна Азија. Се карактеризираат со густа широколисна дрвенеста и тревна вегетација која е распоредена во повеќ е растителни катови. Таквите шуми се познати како џунгла. Џунгли се присутни и во некои приморски делови на Индија.

**Саваните** како територии со густа тревна вегетација се




*Азија – климатско-вегетациски области*

карактеристични за Индискиот Потконтинент и за централните територии на Индокинескиот Полуостров.

**Планинска вегетација** е застапена во централните планински територии и висорамнини на Азија. Се карактеризира главно со високопланинска тревна вегетација.

**Пустинска и полупустинска вегетација** е застапена во поголем дел од Централна и Југозападна Азија каде што се простираат повеќе камените и песочни пустини.

**Степска тревна вегетација** е застапена на територијата на Мала Азија и Месопотамија, како и во централните делови на Азија во појасот меѓу пустинските и полупустинските области од југ и зимзелените шуми (тајги) од север и листопадните шуми од исток.

**Листопадна дрвенеста вегетација** е карактеристична за Источна Азија, поточно за Источна Кина, за Кореја, за Јапонија и за помали делови од Русија. Медитеранска вегетација е присутна во приморските области на Мала Азија, како полуостров во Средоземното Море.

**Зимзелени шуми** се карактеристични за Северна Азија, поточно за Сибир. Опфаќаат најпространа територија во Азија. Претставуваат густи зимзелени шуми познати под името тајга.

**Тундра** е климатско-вегетациска област карактеристична за најсеверните приморски територии на Азија, која се простира меѓу појасот на тајгата и Арктичкиот Океан. Во тундрата претежно егзистираат лишаи, мовови и ретки тревни растителни видови.

## ЗАПОМНИ

– Во Азија се издвојуваат повеќе климатско-вегетациски типови и области: тропски шуми, савани, планинска вегетација, пустинска и полупустинска вегетација, степска тревна вегетација, листопадни шуми, зимзелени шуми (тајги) и тундра.



*Степа*



*Тундра*



*Пустина*

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

**ЏУНГЛА** – густа тропска шума на Индискиот Полуостров, во Индокина и на Малајскиот Архипелаг. Во џунглите растат дрва високи 20-30 м. Преовладуваат тиково, сандалово, лебно дрво, разни видови палми и друга бујна вегетација, распоредена по *катови*.

## ЗАДАЧА

– На карта на Азија обиди се различно да ги обоиш областите со различни климатско -вегетациски типови! Послужи се со описи од текстот и со други карти.